

***ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ЕСМА“ НА СЛАВЕ КАТИН***

***Есма Реџепова и Стево Теодосиевски од 1960 до 1989 година станале жители на Белград. Нејзин дом биле две соби на Дедиње, во кои живеел целиот Ансамбл „Теодосиевски“, вклучувајќи ја и мајката на Стево, Параскева, која на Есма ѝ била како втора мајка. Тогаш имале голем број настапи на просторите на тогашна Југославија, како и во голем број држави на сите континенти, меѓу кои првиот настап во странство во театарот „Олимпија“ во Париз, каде Есма и Стево со право биле наречени „граѓани на светот“***

Една од карактеристиките од нивниот живот е тоа што за време на заедничката кариера Стево и Есма Теодосиевски, присвоиле 47 момчиња, ги здомиле, воспитувале, образувале, овозможувајќи им да завршат музичко училиште во нивниот дом и сега сите тие имаат сопствени музички кариери.

Покрај создавањето на вака бројно музичко семејство, Есма Реџепова - Теодосиевска и Ансамблот „Теодосиевски“ имале одржано повеќе од 2.000 хуманитарни концерти, имале спроведено повеќе хуманитарни активности и донации, од кои би се издвоила

донацијата направена за градот Скопје „Домот на хуманоста и Музејот на музиката на Есма и Стево Теодосиевски“, во кој живееше Есма Реџепова –Теодосиевска.

Во семејството на Есма Реџепова - Теодосиевска и Стево Теодосиевски песната, музиката и фолклорот биле секојдневно присутни и биле дел од семејната традиција. Особено ромската музика и песна биле присутни во нивниот дом во Белград.

Карактеристично за Есма Реџепова – Теодосиевска било и тоа што таа имала целосна поддржка од Светската организација на Ромите и од безброј други и меѓународни хуманитарни организации од областа на културата, уметноста, естрадата, хуманитарноста,  женските движења и други асоцијации.

Есма Реџепова-Теодосиевска беше лидер со нејзините севкупни хумани, добротворни, културни, уметнички и други остварувања посветени на мирот, човекољубието, толеранцијата и разбирањето меѓу народите и земјите, без разлика на нивната национална, етничка и верска припадност. Тоа Есма и Стево го потврдија со отворањето на најнеобичното музучко училиште во Белград.

Отсекогаш Есма и Стево во нивниот ансамбл земале млади луѓе, речиси деца. Тие им биле и учители и родители. Живееле заедно, во иста куќа, каде тие млади музичари се развивале и растеле како уметници и како луѓе. Сето тоа се случувало под будното око на музичарот и педагог Стево Теодосиевски, а во соработка на Есма Реџепова-Теодосиевска.

*„Со Стево посвоивме, израснавме и школувавме 47 ромски машки деца. Со љубов. Првото го посвоивме во 1961 година. Пет од моите деца свират со мене, останатите живеат низ цела поранешна Југославија. Еден од синовите живее во Германија. Никогаш не ми било тешко. Сум растела со семејство со уште четири сестри и браќа. Фала Богу, ние со Стево имавме  голема куќа и пари за да си го дозволиме тоа. Никогаш од никого ништо не сум барала ниту сум добила. Да не ги споменувам и другите напуштени и сиромашни деца на кои несебично сме им помогнале и сме ги школувале. Сакам да им помогнам на сиромашните, им помагав и на бегалците од Косово, од Македонија“,* изјави Есма.



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**